# В О Д И Ч

## УСОГЛАСУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ПОСТОЈНИТЕ АКЦИОНЕРСКИ ДРУШТВА СО НОВИОТ ЗАКОН ЗА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

## &

## МОДЕЛ СТАТУТ НА АД

**Во соработка со проектот "Корпоративно управување и Законот за трговските друштва" од УСАИД**

**Скопје, 2005**

**Подготвил:**
**Проф. Др. Тито Беличанец**

**Издавач:**
**Здружение на правници од стопанството на РМ**
**Совет за корпоративно управување**

**Уредувачки одбор:**
**Проф. Др. Тито Беличанец,**
**редовен професор на Правниот факултет во Скопје**
**Самир Латиф,**
**сениор правен советник при проектот CG & CL**
**Др. Грегори Ф. Масен,**
**директор на проектот CG & CL**
**Дерил Браун,**
**сениор правен советник при проектот CG & CL**
**Марија Игњатова Ѓошева,**
**правен советник при проектот CG & CL**

**Тираж:**
**1000 примероци**

**Печати:**
**Алма Печатница**

**Скопје 2005**

## 1. ОПШТИ ПРАШАЊА

**1. Дали со Новиот закон за трговски друштва се обезбедува "статутарен" континуитет на постојните АД?**

Новиот Закон за трговски друштва[1] обезбедува "статутарен" континуитет на постојните АД.

Според ЗТД со денот на почетокот на примената на неговите одредби постојните АД продолжуваат да работат на начинот и под условите под коишто се запишани во трговскиот регистар. Статутите на постојните АД коишто не се во согласност со одредбите на ЗТД се применуваат заклучно со 30 јуни 2005 година. Не се применуваат само оние одредби кои што се уредени со статутот а според ЗТД од 1996 година не спаѓаат во прашањата што според овој закон се уредуваат со статутот. Во оваа смисла треба да се разбере став 2 од членот 606 од ЗТД: по исклучок прашањата коишто, во согласност со ЗТД, го уредуваат статутот на АД, а не се во согласност со ЗТД, можат да се применуваат заклучно со 30 јуни 2005 година.[2]

**2. Кој е крајниот датум до кој АД мораат ги усогласат своите статути со ЗТД?**

Постојните АД ќе мораат да ги изменат и дополнат постојните статути со новите решенија во ЗТД заклучно со 30 јуни 2005 година.

**3. Дали е можно етапно, односно парцијално усогласување на постојните статути со новиот ЗТД заклучно со 30 јуни 2005 година?** Ако АД пристапи кон измена на постојниот статут, усогласувањето мора да го изврши интегрално. Ако друштвото постапи поинаку во тој случај сите одредби на постојниот статут коишто не се во согласност со ЗТД самото АД ги става вон сила и непосредно се применуваат соодветните одредби од ЗТД.

**4. Дали постојните АД можат да донесат нов статут или усогласувањето со ЗТД ќе го извршат со измени на постојниот статут?** Постојните АД не можат усогласувањето со ЗТД да го извршат со донесување на НОВ статут.[3] Статутот е акт со којшто се основа акционерското друштво и тој се донесува во постапката на основање на АД. Еднаков формално правен третман имаат и статутите на АД коишто во постапката на приватизација на општествениот капитал се организираа преку преобразба на претпријатијата со општествен капитал во АД. Сите овие АД се усогласија со ЗТД од 1996 година. Еднаш донесениот статут, без разлика како настанало АД не може да биде заменет со нов статут, туку може да биде менуван и дополнуван. На ова упатува и став 1 од членот 606 од ЗТД според кој со денот на почетокот на примената на овој закон, постојните АД продолжуваат со работа на начин и под условите под коишто се запишани во трговскиот регистар.

**5. Со кој акт се менува статутот, односно со кој акт се врши усогласување на постојниот статут на АД со ЗТД?** Статутот се менува со **одлука за измена на статутот.** Според тоа, усогласувањето на постојниот статут на АД со ЗТД ќе треба да се изврши со **одлука за измена на статутот**.[4]

---

[1] Во натамошниот текст кратенката "ЗТД" ќе ја користиме за Новиот Закон за трговски друштва. Кога во текстот ќе се упатува на Законот за трговски друштва од 1996 година ќе се користи кратенката: "ЗТД од 1996 година".

[2] ЗТД, член 606

[3] „Статут на друштво" е акт со којшто се основа акционерско друштво, но едновремено е и основен општ акт со којшто се уредуваат односите, организацијата и функционирањето на ова друштво и се донесува со согласност на сите основачи, а се менува со мнозинството определено со овој закон, односно со статут на друштвото, ЗТД, Член 3, т.46;

[4] "Статутот се менува со одлука за измена на статутот.", ЗТД, член 417, став 1

Одлуката за измена на статутот содржи амандмани со кои може да се врши укинување, измена, замена на одредби или со дополнување на постојниот статут со нови одредби. Измената на статутот може да се изврши и со донесување **нов интергален текст на статутот**. Кога измената се врши со замена на постојниот со нов интегрален текст на статутот, замената се врши со **одлука за измена на статутот**, но во неа се наведува дека сите постојни членови на статутот се заменуваат со нови членови ("Членовите од 1 до 100.. се заменуваат со членови 1 до 100... коишто гласат:").

**6. До кога мора да се усвои одлуката за измена на статутот?** Одлуката за измена на статутот АД мораат да ја усвојат до крајот на 30 јуни 2005 година, односно до рокот до којшто постојните АД мораат да го усогласат својот статут со одредбите од ЗТД.

**7. Кој може да покрене постапка за усогласување на постојниот статут со ЗТД**? Постапката за измена на статутот по правило мора да ја покрене органот на управување. Ако органот на управување не ја покрене постапката за измена на статутот заради усогласување со ЗТД, постапката треба да ја покрене надзорниот одбор.

Ако и надзорниот одбор не ја покрене постапката, во тој случај постапката за измена на статутот треба да ја покренат акционерите кои имаат најмалку една десетина од вкупниот број на акциите со право на глас.[5]

**8. До кого се доставува иницијативата за измена на статутот и во кој нормативен облик?** Ако иницијативата ја покренал надзорниот одбор или акционерите, одлуката за измена на статутот со одредби во форма на амандмани ја доставуваат до органот на управување, а кога за тоа е овластен со Законот за трговски друштва, и до надзорниот одбор.[6]

**9. Во која форма се вршат измените и дополнувањата на статутот?** Измените и дополнувањата на статутот се вршат во писмена форма.[7]

**10. Кој го утврдува предлогот на одлуката за измена на статутот?** Предлогот на одлуката за измена на статутот во којшто се наведени предложените измени, без разлика на тоа кој ја дал иницијативата, го утврдува органот на управување, а кога за тоа е овластен со ЗТД, и надзорниот одбор.[8]

**11. Што се приложува кон утврдениот предлог на одлука за измена на статутот?** Кон утврдениот предлог на одлука за измена на статутот се приложува образложение. Утврдениот предлог на одлука за измена на статутот мора да биде образложен.[9]

**12. Кој ја донесува одлуката за измена на статутот?** Одлуката за измена на статутот ја донесува собранието.[10]

**13. Со кое мнозинство собранието ја донесува одлуката за измена на статутот?** Одлуката за измена на статутот се усвојува со мнозинство гласови кое не може да изнесува помалку од две третини од акциите со право на глас претставени на собранието, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство.[11]

---

[5] ЗТД, член 417, став 2
[6] ЗТД, член 417, став 2
[7] ЗТД, член 22, став 2
[8] ЗТД, член 417, став 3
[9] ЗТД, член 417, став 3
[10] ЗТД, член 418, став 1
[11] ЗТД, член 418, став 2

**14. Дали е задолжително да се подготви и пречистен текст на статутот и кој е надлежен за тоа?** По усвојувањето на одлуката за измена на статутот се изработува пречистен текст на статутот во којшто се внесуваат извршените измени и дополнувања.

Собранието треба со одредба во одлуката за измена на статутот да го овласти одборот на директори, односно надзорниот одбор да подготви пречистен текст на статутот. Во пречистениот текст од статутот се внесуваат измените извршени со одлуката за измена на статутот.[12]

**15. Дали одлуката за измена на статутот се објавува?**

Во ЗТД не е утврдена обврска за објавување на одлуката за измена на статутот. Одлуката за измена на статутот не е пропис. Според член 52 од Уставот на Република Македонија само законите и другите прописи на државата се објавуваат пред да влезат во сила во "Службен весник на Република Македонија", и тоа најдоцна во рок од седум дена од денот на нивното донесување. Прописите влегуваат во сила по правило со денот на објавувањето.

Ако со одлуката за измена на статутот се менуваат податоци во одредбите за кои е утврдена обврска за објавување, измената се објавува. Измената на овие податоци произведува правно дејство према третите лица откако ќе бидат запишани во трговскиот регистар. [13]

ЗТД утврдува обврска за објавување само на одделни податоци и извештаи. Кога со ЗТД и статутот е утврдена оваа обврска, објавувањето на податоците или на извештаите на АД се врши во "Службен весник на Република Македонија" или на друг начин определен со статутот.

**16. Од кога влегува во сила одлуката за измена на статутот?** Одлуката за измена на статутот влегува во сила со денот на нејзиното донесување. Со одлуката за измена на статутот може да биде определен и друг датум на влегување во сила.

**17. Дали со влегувањето во сила на одлуката за измена на статутот мора на истото собрание да се пристапи и кон усогласување на работењето на АД со одредбите содржани во одлуката за измена на статутот, како што е на пример изборот на органите на управување според ЗТД?** Треба да се прави разлика меѓу влегувањето во сила на одлуката на измената на статутот и примената на одлуката за измена на статутот. Ако одлуката за измена на статутот биде усвоена од собранието на АД пред 30 јуни 2005 година и има доволно време за закажување и за одржување на ново собрание на АД, во тој случај примената може да се одложи за наредното собрание, кое, како што е веќе наведено не може да се одржи подоцна од 30 јуни 2005 година.

На истото собрание, на кое ќе се усвои одлуката за измена на статутот заради усогласување со ЗТД може да се изврши избор на членовите на одборот на директори и на надзорниот одбор (со независни членови) под услов при подготовката на собранието за секој кандидат, во писмена форма, да се објават податоци за возраста, полот, образованието и другите професионални квалификации, работното искуство и како го стекнал, во кои друштва е или бил член на орган на управување, односно на надзорен одбор и другите поважни функции што ги вршел, бројот на акциите што ги поседува во друштвото и во други друштва, како и заемите и другите обврски коишто ги има спрема друштвото. Овие податоци мора да им се достават на акционерите најдоцна седум дена пред собранието да пристапи кон избор. Овие податоци треба да бидат достапни на секој акционер. [14]

---

[12] ЗТД, член 418, став 3
[13] ЗТД, член 419
[14] ЗТД, член 344, став 3 и 4

**18. Дали се врши запишување на одлуката за измени на статутот во трговскиот регистар?** Не се врши запишување на одлуката за измени на статутот. Во трговскиот регистар се врши само запишување на податоците од статутот коишто според ЗТД се запишуваат во трговскиот регистар.

**19. Што се доставува до судот?** До судот којшто го води трговскиот регистар се доставува:

- примерок од пречистениот текст од статутот;[15]

- изјава која што ја даваат членовите на органите на управување, односно на надзорниот одбор на АД кои ја вршат оваа функција во времето на измените на статутот во која што ги наведуваат дејствијата извршени со цел правилно да се усогласи статутот на АД со ЗТД и дека податоците содржани во пречистениот текст од статутот коишто ги доставуваат во судот се вистинити и се во согласност со закон. Изјавата се заверува кај нотар.[16]

**20. Дали е потребна согласност на одлуката за измена на статутот?** Ако за измената на статутот или на некои негови одредби е потребна согласност на надлежен орган определен со закон, кон пријавата се приложува и согласноста.[17]

**21. Кои промени треба да се извршат во статутите на АД со еден акционер?**

Статутот на АД со еден акционер ќе мора да претрпи значајни измени. ЗТД има сосема појасен пристап кон примената на одредбите од законот што се однесуваат за АД со два или повеќе акционера. На акционерско друштво со еден акционер, соодветно, се применуваат одредбите на Законот за трговски друштва што се однесуваат за акционерското друштво со два или повеќе акционера, со тоа што правата и обврските на собранието на акционерско друштво ги врши органот определен од основачот, односно единствениот акционер на начин определен во статутот на акционерско друштво со еден акционер.[18] Оваа одредба му дава можност на единствениот акционер на поинаков начин да ги уреди односите во акционерското друштво и да донесе мал статут којшто ќе ги содржи само облигаторните одредби и одредби со кои на соодветен начин се уредуваат односите во акционерското друштво со еден акционер.

**22. Која е облигаторната содржина на статутот?** Содржината на статутот е утврдена со член 287 од ЗТД. Со статутот мора да се утврдат:

- фирмата (фирмата на службен јазик различен од македонскиот во АД коишто имаат седиште во единица на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик-различен од македонскиот)[19] и седиштето;

- предметот на работење на АД;

- износот на основната главнина;

- номиналната вредност на акциите, бројот на акциите од секој род и класа, правата, обврските, ограничувањата и погодностите;

- времетраењето на друштвото, ако друштвото се основа на определено време;

- постапката за свикување и одржување на собранието;

- видот, составот и начинот на избор на органот на управување, односно на надзорниот одбор и нивната надлежност;

- условите и начинот под кои се врши распределбата на добивката што им припаѓа на акционерите;[20]

---

[15] ЗТД, член 22, став 4
[16] ЗТД, член 32, став 2 и 3
[17] ЗТД, член 22, став 4
[18] ЗТД, член 416, став 1
[19] ЗТД, член 50, став 2
[20] ЗТД, член 36

- процентот пресметан и издвоен од нето добивката за општ резервен фонд, кој што не може да биде помал од 15% од добивката (сé додека резервите на друштвото не достигнат износ којшто е еднаков на една петтина од основната главнина);[21]

- формата и начинот на објавувањата што ги врши друштвото, односно начинот на којшто ќе се објавуваат податоци и извештаи (за да може органот на управување да го определи начинот на нивното објавување и да ги утврди податоците и извештаите кои се објавуваат, а за кои смета дека се значајни за акционерите и друштвото);[22]

- актите и документите коишто покрај статутот АД мора да ги чува во своето седиште и начинот на којшто на секој акционер ќе му се обезбеди право на увид во актите и другите документи на друштвото во седиштето на друштвото определени во ЗТД и оние определени во статутот;[23]

- лицето кое, покрај претседателот на надзорниот одбор, членовите на одборот, овластениот ревизор или акционери кои претставуваат најмалку една десеттина од акциите со право на глас, има право да бара свикување на состанок на надзорниот одбор;[24]

- начинот и условите според коишто собранието избира комисија за спроведување тајно гласање и други физички лица (бројачи на гласови и други) ако тоа е потребно за вршење други работи коишто го овозможуваат непреченото одвивање на работата на собранието;[25]

Статутот којшто се донесува во постапката на основање содржи и одредби со кои се определуваат:

- предностите што за себе ги задржуваат основачите (ако такви предности основачите задржат[26];

- името и презимето, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта ако основачот е странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот, важечка во неговата земја, и неговото државјанство како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, МБС, ако основач е правно лице;[27]

- името и презимето на првите членови на органот на управување, односно на надзорниот одбор, нивниот ЕМБГ, број на пасошот, односно број на личната карта за странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот, важечка во нивната земја, и нивното државјанство, како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, МБС, ако првите членови на органот на управување, односно на надзорниот одбор се назначуваат со статутот;[28]

- износот на трошоците што, на сметка на друштвото, им се враќа на основачите или на трети лица како надомест или им се дава како награда за основање или за учество во подготовките за основање на друштвото, се определува со статутот;[29]

- непаричните влогови што се внесуваат и лицата кои во друштвото внесуваат непарични влогови и номиналниот износ на акциите коишто ќе им бидат

---

[21] ЗТД, член 485, став 1

[22] ЗТД, член 318

[23] ЗТД, член 319, став 1

[24] ЗТД, член 381, став 4

[25] ЗТД, член 383, став 2

[26] Ако посебните погодности, трошоците или надоместоците не биле определени во статутот при основањето на АД, спрема друштвото немаат правно дејство договорите и правните дејствија со коишто се даваат такви погодности или со коишто се исплатуваат трошоците и надоместоците. По уписот на АД во трговскиот регистар не може, со измена на статутот, да се отстрани неважноста на договорите, односно на овие правни дејствија (ЗТД, член 289, ставовите 3 и 4).

[27] ЗТД, член 287, став 1

[28] ЗТД, член 287, став 1, т.10

[29] ЗТД, член 289, став 2. Ако посебните погодности, трошоците или надоместоците не се определени во статутот, спрема друштвото немаат правно дејство договорите и правните дејствија со коишто се даваат такви погодности или со коишто се исплатуваат трошоците и надоместоците (член 289, став 3).

дадени за внесените влогови или надоместокот што треба да се даде за внесените непарични влогови, којшто се смета за дел од внесениот непаричен влог, ако во статутот, односно во одлуката за издавање на акциите е определено акциите што ги преземаат акционерите, целосно или делумно, да не ги платат со паричен влог, туку со внесување постојни или идни непарични влогови;[30]

- изјавата за преземање на акциите ако биде содржана во статутот, што е потпишан од основачите;[31]

- начинот и содржината на јавниот повик со којшто се повикува на запишување акции;[32] и

- условите под кои акционерот треба да ја плати договорната казна ако е во задоцнување со внесувањето на непаричниот влог.[33]

**23. Во што е разликата меѓу членот 241 од ЗТД од 1996 година и ЗТД?** За разлика од членот 241 од ЗТД од 1996 година, во членот 287 од ЗТД децидно е наведено дека статутот мора да содржи и одредби: за постапката за свикување и одржување на собранието; за видот, составот и начинот на избор на органот на управување, односно на надзорниот одбор и нивната надлежност како и за формата и начинот на објавувањата што ги врши друштвото. Секако дека најголемиот број од постојните статути имаат содржина усогласена со членот 287 од ЗТД. Во секој случај обврска е на секое АД содржината на својот статут да ја усогласи со член 287 од ЗТД.[34] Покрај овие прашања со статутот мора да се уредат и други прашања коишто на поинаков начин се уредени или на кои ЗТД упатува да бидат уредени со статутот на АД, а на кои се укажува во овој труд.

**24. Дали статутот може да содржи одредби за прашања коишто не се уредени со ЗТД и на кои ЗТД не упатува дека може да бидат уредени со статутот?** Статутот може да содржи и други други одредби значајни за друштвото, под услов да не се забранети со закон.

**25. Што треба да се има во предвид при усогласувањето на статутите со ЗТД?** При усогласувањето на статутот со ЗТД мораат да се имаат во предвид карактерот и видот на нормите. Од нив зависи и интензитетот на делувањето на одредбите во ЗТД. Различните можности за делување и различниот интензитет на одредбите налагаат и различен пристап при подготвката на одлуката за измена на статутот. Така, на пример, категоричните одредби мораат да се применат онака како што се содржани во ЗТД. Поинаку ќе се постапи со алтернативните, диспозитивните и дискреционите одредби.

**1. Примена на категоричните норми**

При усогласувањето на статутите со Новиот Закон за трговски категоричните норми мораат да се применат без разлика на волјата на акционерите. Категоричните одредби не содржат хипотеза односно не треба нешто да се случи за да настане последицата. Категоричната норма не предупредува туку ги уредува односите.

Категоричните одредби се применуваат онака како се формулирани. Законот за трговски друштва не им се остава можност на акционерските друштва за слобода во уредувањето на односите. Одредбите од статутот на АД коишто се спротивни на ЗТД мораат да бидат избришани или изменети (усогласени), односно постојните статути на АД мораат да бидат усогласени. Како што е веќе укажано

---

[30] ЗТД, 291, став 6

[31] ЗТД, член 293, став 2

[32] ЗТД, член 304, став 1

[33] ЗТД, член 323

[34] Според член 43, став 1 од ЗТД, ако статутот односно негови одредби се во спротивност со закон, се ништовни.

според ЗТД било која одредба од статутот којашто е спротивна на ЗТД е ништовна.[35]

**Категорични (императивни) одредби од ЗТД коишто при усогласувањето на статутот со ЗТД мораат да се вградат во статутите на постојните АД се следните:**

1.1. Ако статутот содржи одредба во која е дефинирано АД таа одредба треба да се усогласи со членот 270 став 1 од ЗТД според која акционерското друштво поимно е определено како трговско друштво во кое акционерите учествуваат со влогови во основната главнина, којашто е поделена на акции;[36]

1.2. Во фирмата не мора да се изразува предметот на работењето на АД;[37]

1.3. Според член 21 став 1 основната главнина на АД треба да гласи во денари или во странска валута. Исто така задолжително треба да се наведе во меморандумот на друштвото;[38]

1.4. Акционерите учествуваат во поделбата на добивката што им припаѓа во трговското друштво, под условите и начинот утврдени со статутот;[39]

1.5. Треба да се измени одредбата од статутот ако е предвидена можност АД да издава приоритетни акции со понизок номинален износ од обичните акции. Според член 277 став 3 од ЗТД приоритетните акции можат да бидат од повеќе класи и не можат да бидат издадени со понизок номинален износ од номиналниот износ на обичните акции. Треба да се постапи според член 276 од ЗТД и со одлуката за измена на статутот да се изврши спојување на издадените приоритетни акции со понизок номинален износ од обичните, да се зголеми нивниот номинален износ, се разбира, при тоа основната главнина мора да остане непроменета;

1.6. Треба да се усогласи одредбата за правата што ги даваат приоритетните акции. Според член 280, став 3 приоритетните акции можат да бидат издадени како акции со право на глас и како акции без право на глас. Според член 278, став 2 од ЗТД приоритетните акции, можат да ги даваат истите права како и обичните акции и покрај овие права да даваат и други повластени права како што се правото на дивиденда во однапред утврден паричен износ или во процент од номиналниот износ на акцијата, право на првенство при исплата на дивиденда, правото на исплата на остатокот од ликвидационата, односно стечајна маса и други права коишто можат да бидат определени во статутот и во одлуката за издавање акции, во согласност со закон. При тоа треба да се имаат во предвид ограничувањата во член 280, став 3:

- вкупниот номинален износ на приоритетните акции без право на глас не може да биде поголем од 30% од основната главнина на АД;
- вкупниот номинален износ на приоритетните акции, со и без право на глас, не може да биде поголем од вкупниот номинален износ на обичните акции во основната главнина на АД.

1.7. Треба да се избрише одредбата во статутот според која акции од ист род со ист номинален износ даваат различно право на глас во собранието. Според член 280, став 4 од ЗТД забрането е издавање акции од ист род кои за ист номинален износ даваат различно право на глас во собранието.

1.8. Одредбата од членот 281 од ЗТД којашто предвидува можност АД да издава акции на вработените има факултативен карактер. Но ако постојниот статут на АД има одредба за издавање на акции на вработените според член 233 од ЗТД од 1996 година, ако АД сака да ја задржи оваа можност, во тој случај оваа одредба од статутот мора да се усогласи со член 281 од ЗТД. Со одлуката за измена на статутот ќе треба да се определи основање на фонд од којшто вработените ќе можат да стек-

---

[35] ЗТД, член 287, став 1 и 2 и член 288, став 1

36 Според членот 222 од Првиот ЗТД, АД беше дефинирано како друштво кое со статутот има определена и на еднакви делови (акции) поделена главнина (основна главнина) во која акционерите учествуваат со по една или повеќе акции и чиишто обврски се обезбедени со сиот имот на друштвото.

[37] Според член 222 од Првиот ЗТД во фирмата мораше да го изразува предметот на работење на АД.

[38] Според член 223 од Првиот ЗТД основната главнина и акциите можеа да гласат на денари или во противвредност да бидат изразени и во странска валута. Основната главнина и акциите можат да гласат на странска валута.

[39] ЗТД, член 36

нат акции на друштвото бесплатно или по повластена цена; да се уреди организацијата и управувањето со акциите на фондот како и користењето и начинот на распределбата на средствата наменети за акции за вработените како и начинот на којшто собранието на АД ќе ја донесува програмата според која вработените ќе можат да стекнуваат акции;

1.9. Ако статутот содржи одредби за книгата на акции (акционерската книга) во тој случај тие одредби мораат да се усогласат со член 283 од ЗТД;

1.10. Чести се случаите во статутите да се утврдува друга содржина на фирмата на некој од светските странски јазици. Според член 50 од ЗТД фирмата на АД мора да гласи на македонски јазик, со кирилично писмо. Друго е прашањето што фирмата може со латинична транскрипција да се користи во правниот промет со странство.

АД коишто имаат седиште во единица на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик-различен од македонскиот, фирмата може да гласи и на тој јазик но може да се употребува само заедно со написот во фирмата на македонски јазик, со кирилично писмо.[40]

1.11. Според член 446 од ЗТД од 1996 година за седиште на друштвото се сметаше местото кое беше определено со статутот на АД и кое е запишано во трговскиот регистар. Со ЗТД со член 60 е утврдено дека седиштето на трговското друштво е местото коешто е запишано во трговскиот регистар. Според ЗТД со член 287 е определно седиштето на АД да се уредува со статутот. Но треба да се има во предвид дека член 287 ја утврдува содржината на статутот во постапката на основање на АД, како акт со којшто се основа АД. Со членот 61, став 2 од ЗТД утврдена е можноста со статутот да уреди начинот и постапката според коишто може да се врши промената на определеното седиште во статутот како акт со којшто е основано АД. Тоа значи дека во статутот може да се утврди и поинаков начин и постапка според коишто ќе се врши промена на седиштето од начинот и постапката според кои се врши измена на статутот. Останува и понатаму обврската секоја промена на седиштето на АД да се запишува во трговскиот регистар.[41]

1.12. Според член 318 со статутот треба да се определи обврската за објавување на податоци и извештаи во гласило на друштвото, во дневен весник, интернет или на друг начин, за да може органот на управување да го определи начинот на нивното објавување да и ги утврди податоците и извештаите кои се објавуваат, а за кои смета дека се значајни за акционерите и друштвото;

1.13. Според член 319, точка 13, со статутот треба да се определат кои други акти и документи АД мора да ги чува во своето седиште, освен оние определени во точките од 1до 13 од овој член;

1.14. Според член 319, став 1, со статутот мора да се определи начинот на којшто на секој акционер ќе му се обезбеди право на увид во актите и другите документи на друштвото определени во членот 319 од ЗТД и оние определени во статутот.

1.15. Треба да се усогласат одредбите со кои се утврдени условите за избор на член на органот на управување, односно на надзорниот орган. Треба да се имаат во предвид трите нови одредби:

- Застапникот на правно лице, како неизвршен член на одборот на директори, односно на член на надзорниот одбор го определува органот на управување на правното лице;

- не се исклучува и солидарна одговорност на правното лице кое има застапник во одборот на директорите, односно во надзорниот одбор; и

- за член на органот на управување, односно на надзорниот одбор не може да биде избрано лице против кое е изречена мерка на безбедност- забрана за вршење дејност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работењето на друштвото, додека трае таа забрана.[42]

---

[40] ЗТД, член 50, став 2
[41] ЗТД, член 50, став 2
[42] ЗТД, член 343

1.16. Треба да се усогласи начинот на изборот на органите на управување и на надзорниот одбор, при што треба да се имаат во предвид следните нови одредби во ЗТД:

- Собранието, покрај членовите на надзорниот одбор, ги избира и сите членови на одборот на директори, без разлика дали ќе бидат извршни или неизвршни членови;[43]

- Собранието, изборот на членовите на одборот на директори и членовите на надзорниот одбор, го врши со мнозинство гласови од акциите со право на глас од кворумот определен за работа на собранието со ЗТД. Со статутот може да се определи и повисоко мнозинство;[44]

- Факултативно се воведува и т.н. кумулативно гласање. Имено, ако тоа е определено во статутот, изборот на членовите на одборот на директори или на надзорниот одбор може да се врши со кумулативно гласање;[45]

- Се воведува претходно информирање на собранието на АД за кандидатите кои што се избираат и обврската податоците за кандидатите да им се доставуваат на акционерите најдоцна седум дена пред собранието да пристапи кон избор. Имено, пред да се пристапи кон избор на член на одборот на директори, односно на член на надзорниот одбор, за секој кандидат, во писмена форма, мора да се објават податоци за возраста, полот, образованието и другите професионални квалификации, работното искуство и како го стекнал, во кои друштва е или бил член на орган на управување, односно на надзорен одбор и другите поважни функции што ги вршел, бројот на акциите што ги поседува во друштвото и во други друштва, како и заемите и другите обврски коишто ги има спрема друштвото;[46]

- Како и сите други одлуки коишто ги донесува собранието и одлуката на собранието за избор на одборот на директори или на надзорниот одбор, односно на нивен член влегува во сила од денот на донесувањето; и[47]

- Се определува и лицето кое ја поднесува пријавата за упис во трговскиот регистар на избраниот одбор на директори, надзорниот одбор, односно на нивен член: тоа е лицето коешто ќе биде определено со одлука на собранието.[48]

1.17. Според член 351, став 3 со статутот треба поблиску да се определи начинот којшто работи и одлучува органот на управување, односно надзорниот одбор, како и начинот на којшто се донесува Деловникот за работа на органот на управување, односно надзорниот одбор.

1.18. Со статутот се утврдуваат овластувањата и работите коишто им се доверени на членовите на органот на управување, односно на надзорниот одбор.[49]

1.19. Одредбите од статутот со коишто се уредуваат обврските на органот на управување при подготвувањето и спроведувањето на одлуките на собранието треба да се усогласат со членот 353 од ЗТД, којшто не беше содржан во ЗТД од 1996 година. При тоа, треба да се имаат во предвид следните обврски на органот на управување:

- на барање на собранието да ги подготви општите акти и одлуките чиешто донесување е во надлежност на собранието;

- да ги подготви договорите коишто можат да се склучат само со согласност на собранието;

- да ги извршува одлуките коишто собранието ги донесува во рамките на неговата надлежност и

- да врши и други работи коишто со ЗТД ги има спрема собранието и што се во рамките на неговата надлежност.

---

[43] ЗТД, член 344, став 1
[44] ЗТД, член 344, став 1
[45] ЗТД, член 344, став 2
[46] ЗТД, член 344, став 3 и 4
[47] ЗТД, член 344, став 5
[48] ЗТД, член 344, став 5
[49] ЗТД, член 351, став 1

1.20. Со статутот треба поблиску да се уреди работата на органите на управување, односно на надзорниот одбор на состаноци, известувањето за свикан состанок, правото на иницијатива за свикување на состанок, начинот на свикувањето на состанок[50], учеството и одлучувањето на состанокот организиран со користење на конференциска телефонска врска или со користење на друга аудио и визуелна комуникациска опрема, евиденцијата за учество на состанокот[51], одлучувањето без одржување состанок[52], обврската за водење записник од состаноците, рокот во кој се изготвува и содржината за записникот.[53]

1.21. Со статутот се определува: составот, условите, содржината на работа и начинот на работењето на комисиите на органот на управување, односно на надзорниот одбор.[54]

1.22. АД коишто имаат одбрано едностепен систем на управување треба да извршат усогласување на одредбите со кои на нов начин во ЗТД се уредува составот на одборот на директори:

- Одборот на директори наместо пет може да има најмалку три члена, при што бројот на извршните членови мора да биде помал од бројот на неизвршните членови на одборот на директори; и

- Се напушта обврската бројот на неизвршните членови да е делив со три;

- Како што е веќе укажано, собранието ги избира сите членови на одборот на директори;

- Ако одборот на директори има до четири неизвршни члена, најмалку еден од неизвршните членови на одборот на директорите е независен член, а ако одборот на директори има повеќе од четири неизвршни члена, најмалку една четвртина од неизвршните членови мора да се независни членови на одборот на директори. Кои членови се избираат како независни членови на одборот на директори се назначува при нивниот избор за членови на одборот на директори; и

- Од членовите избрани во одборот на директори, одборот на директорите назначува еден или повеќе извршни членови на одборот на директори. За извршен член на одборот на директори не може да биде избран член на одборот на директорите кој е избран како независен член на одборот на директори.

1.23. Со статутот мора да се уреди начинот на избор на извршен член на одборот на директори. Со изменетиот член 368 ЗТД, се напушта досегашниот начин на избор на извршните членови на одборот на директори:

- извршните членови ги избираат сите членови на одборот на директори. Начинот на избор на извршен член на одборот на директори се определува со статутот;

- мнозинството со коешто се избираат неизвршните членови се одредува со статутот на АД. Со тоа се напушта облигаторната одредба од ЗТД од 1996 година според којшто извршните членови се избираа со мнозинство гласови од неизвршните членови. И во ЗТД е предвидена можноста изборот на извршен член да се врши и со едногласна одлука на сите членови на одборот на директори;[55]

- Се воведува можноста еден од членовите на одборот на директори, избран за извршен член, да го носи називот што е вообичаен за вршење на функцијата (генерален директор, односно главен извршен директор и друг назив), а другите извршни членови да можат да го носат називот што е вообичаен за вршење на функцијата што му е доверена како на извршен член на одборот на директори;[56]

- Во третиот став превземена е одредбата од став 2 од член 304 од ЗТД од 1996 година, со извесно дополнување, според која, ако одборот на директори има повеќе од еден извршен член, членовите на одборот на директори со мнозинство гласо-

---

[50] ЗТД, види член 356
[51] ЗТД, види член 357
[52] ЗТД, види член 358
[53] ЗТД, види член 360
[54] ЗТД, член 359, став 3
[55] ЗТД, член 368, став 1
[56] ЗТД, член 368, став 2

ви определуваат кој извршен член е посебно одговорен за прашањата на вработените и односите со нив. [57]

1.24. АД коишто го имаат одбрано двостепениот систем на управување треба да се извршат усогласување на одредбите со кои на нов начин во ЗТД се уредува составот на управниот одбор:[58]

- ниедно лице во исто време не може да биде член на управен одбор, односно управител и член на надзорен одбор;[59]

- управниот одбор има претседател кој ги свикува состаноците и претседава со нив и е одговорен за водењето на записникот од состаноците и за организацијата на други форми преку коишто управниот одбор работи и одлучува;[60]и

- ако претседателот од кои било причини не е во можност да ја врши функцијата или ако е отсутен, со состаноците на управниот одбор претседава член на управниот одбор именуван од надзорниот одбор;[61]

1.25. АД коишто го имаат одбрано двостепениот систем на управување треба да извршат усогласување на одредбите со оние во ЗТД, со кои на нов начин се уредува застапувањето на АД:

- место претседателот на управниот одбор да го застапува АД, во став 1 од член 377 е определено дека управниот одбор во односите со трети лица го застапуваат членовите на управниот одбор, и тоа заеднички, се разбира освен ако со статутот поинаку не е определено;[62]

- ограничувањата на овластувањата за застапување на членовите на управниот одбор немаат правно дејство спрема трети лица;[63] и

- членовите на управниот одбор коишто го застапуваат друштвото можат да го носат називот генерален директор или друг назив.[64]

1.26. АД коишто го имаат одбрано двостепениот систем на управување треба да извршат усогласување на одредбите со кои на нов начин во ЗТД се уредува составот на надзорниот одбор:

- надзорниот одбор мора да има независни членови;[65]

- ако надзорниот одбор има до четири члена, најмалку еден од членовите мора да е независен член, а ако надзорниот одбор има повеќе од четири члена, најмалку една четвртина од неговите членови мора да се независни членови на надзорниот одбор.[66]

1.27. Со статутот се определува лицето кое во вршењето на надзорот покрај претседателот на одборот на директори или кој било неизвршен член, овластениот ревизор или акционери кои претставуваат најмалку една десеттина од акциите со право на глас, може да бара свикување состанок на одборот на директори.[67]

1.28. Со статутот се определува лицето кое покрај претседателот на надзорниот одбор, членовите на одборот, овластениот ревизор или акционери кои претставуваат најмалку една десеттина од акциите со право на глас има право да бара свикување на состанок на надзорниот одбор.[68]

1.29. Со статутот се определуваат прашањата за кои одлучува собранието на АД, покрај оние определени во ЗТД.[69] При тоа треба да се имаат во предвид следните две нови одредби:

- ако собранието одлучува за измена на податок што во согласност со членот 298 од ЗТД се запишува во трговскиот регистар, записникот го води нотар;[70]

[57] ЗТД, член 368 (304)
[58] ЗТД, член 374, став 1,2,3 и 4
[59] ЗТД, член 374, став 5
[60] ЗТД, член 374, став 6
[61] ЗТД, член 374, став 7
[62] ЗТД, член 376, став 1
[63] ЗТД, член 376, став 4
[64] ЗТД, член 376, став 5
[65] ЗТД, член 378, став 2
[66] ЗТД, член 378, став 3
[67] ЗТД, член 372, став 2
[68] ЗТД, член 381, став 4
[69] ЗТД, член 383, став 1

- се внесува забрана собранието да одлучува за прашања од областа на управувањето, односно од областа на водењето на работењето на друштвото што се надлежност на органите на управување, освен кога тоа е определено со ЗТД. Да потсетиме, според став 2 од членот 349 од ЗТД од 1996 година, собранието можеше да одлучува за прашања од областа на управувањето ако тоа го побараат неизвршните членови на одборот на директори, односно на управниот одбор.

1.30. При усогласувањето на одредбите од статутот со коишто се уредува начинот на свикувањето на собранието треба да се имаат во предвид следниве две нови одредби од ЗТД[71]:

- кога собранието се свикува со покана, поканата се праќа до сите акционери чиишто акции им даваат право на учество во работата на собранието коешто се свикува. Поканата се испраќа според изводот од акционерската книга, којшто не е постар од три дена до денот на испраќањето на поканата;

- рокот којшто тече од денот на објавувањето на јавниот повик, односно од денот на испраќањето на поканата за учество на собранието, до денот на одржувањето на собранието не може да биде подолг од педесет дена ниту покус од дваесет и еден ден до денот на одржувањето на собранието;

- датумот на евиденција којшто ќе се користи за испраќање покани според изводот од акционерската книга, не може да биде подолг од три дена.[72]

1.31. Со статутот се определуваат начинот и условите според коишто собранието избира комисија за спроведување тајно гласање и други физички лица (бројачи на гласови и други) ако тоа е потребно за вршење други работи коишто го овозможуваат непреченото одвивање на работата на собранието на начин и според условите определени со ЗТД.[73]

1.32. При усогласувањето на статутот треба да се имаат во предвид следните две нови одредби во ЗТД со кои се уредува дневниот ред на собранието и вклучувањето на нови точки на дневниот ред:

- на секој акционер му се дава право во кое било време да поднесува иницијатива за вклучување точки во дневниот ред на собранието коешто ќе биде свикано;[74]

- се определуваат ситуациите кога барањето за вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на собрание коешто е свикано може да се одбие, и тоа:

- ако акционерот, односно акционерите го пропуштиле рокот во којшто може да се поднесе барањето;

- ако акционерот, односно акционерите не поседуваат доволен број акции со право на глас во друштвото во согласност со ЗТД

- ако предлогот не ги исполнува другите услови предвидени со ЗТД и

- ако точката, односно точките коишто се бара да бидат вклучени во дневниот ред на собранието не спаѓаат во надлежност на собранието или не се во согласност со закон и со статутот. Ако барањето не е ставено на дневен ред, освен во горенаведените случаи, конечна одлука по барањето донесува собранието при усвојувањето на дневниот ред.[75]

1.33. Со измените мора да се усогласат одредбите од статутот со новиот начин на претседавањето со седницата на собранието (претседавач со собрание).[76]

1.34. Со измените мора да се усогласат одредбите од статутот со новиот начин на пријавувањето и евиденцијата на акционерите за присуство на собрание:[77]

- пријавувањето на учеството на собранието (пријава за учество на собранието) акционерите се обврзани да ја дадат најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание;[78]

---

[70] ЗТД, член 383, став 3
[71] ЗТД, член 387
[72] ЗТД, член 387, став 6
[73] ЗТД, член 383, став 2
[74] ЗТД, член 390, став 3
[75] ЗТД, член 390, став 6 и 7
[76] ЗТД, член 395, став 1
[77] ЗТД, член 391 (357, 363)

- списокот на пријавените акционери го подготвува органот на управување, односно лицето овластено за свикување на собранието;[79]

- списокот на пријавените акционери се става на увид во седиштето на друштвото;[80]

- пред почетокот на одржувањето на собранието, органот на управување, односно лицето овластено за свикување на собранието има обврска да го спореди списокот на пријавените акционери според состојбата во акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност 48 часа пред одржувањето на седницата на собранието;[81] и

- Пред почетокот на одржувањето на собранието, списокот на пријавените акционери го потпишува секој присутен акционер, односно полномошник на акционер со што го верификува своето присуство на собранието (верификуван учесник на собранието). Потпишаниот список, со свој потпис, го заверуваат и претседавачот со собранието и записничарот. По заверката на списокот претседавачот со собранието го констатира кворумот за работа;[82].

1.35. Со измените статутот мора да се усогласи со новиот начин на којшто се определува кворумот за работа на собранието на презакажано собрание:[83]

- учеството на презакажано собрание повторно не се пријавува. Пред да се започне со работа на презакажано собрание, се пристапува кон потпишување на списокот, со што секој присутен го верификува своето присуство на презакажано собрание. Потпишаниот список со свој потпис го заверува претседавачот со собранието и записничарот. По заверката на списокот, претседавачот со собранието го констатира присуството на пријавените акционери, односно на нивните полномошници, односно кворумот за работа на собранието; [84] и

- секој верификуван учесник на презакажано собрание може да бара копија на потпишаниот список на свој трошок.[85]

1.36. Со измените, статутот мора да се усогласи со следните три нови одредби од ЗТД :

- забраната за записничар и заверувачи на записник да биде избран член на орган на управување на друштвото, односно на надзорен одбор или претседавачот со собранието;[86]

- обврската записникот да биде подготвен најдоцна во рок од осум дена од денот на одржувањето на собранието и обврската да биде потпишан од записничарот и од претседавачот со собранието, а заверен од заверувачите на записникот;[87]

- обврската записникот да биде подготвен најдоцна во рок од три дена од денот на одржувањето на собранието, и обврската подготвениот записник да го потпишат нотарот и претседавачот со собранието.[88]

1.37. Правото на првенство за запишување новоиздадени акции може, пред запишувањето на акциите, да биде целосно или делумно исклучено само со одлуката за зголемување на основната главнина, во согласност со статутот.[89]

1.38. Намалувањето на основната главнина со повлекување акции може да се врши само ако тоа е изречно допуштено со законот и со статутот[90].

## 2. Примена на диспозитивни одредби

---

[78] ЗТД, член 391, став 1
[79] ЗТД, член 391, став 1
[80] ЗТД, член 391, став 2
[81] ЗТД, член 391, став 3
[82] ЗТД, член 391, став 4
[83] ЗТД, член 393, став 1, 2 и 5
[84] ЗТД, член 393, став 3
[85] ЗТД, член 393, став 4
[86] ЗТД, член 407, став 2
[87] ЗТД, член 407, став 4
[88] ЗТД, член 407, став 5
[89] ЗТД, член 425, став 1
[90] ЗТД, член 450, став 1

Со диспозитивните одредби им се дава можност на акционерите според својата волја, а во рамките на нормите утврдени со Законот за трговски друштва да уредат одреден однос. Ако акционерите не ја искористат таа можност а настапи соодветна правна ситуација доаѓа до примена на односната норма од Законот за трговски друштва. Со овој вид одредби се надоместува волјата на акционерите во случајот кога ќе пропуштат да ја изразат својата волја. Со поинаквото решение од она содржано во диспозитивната одредба се дерогира решението содржано во диспозитивната одредба од Законот за трговски друштва или со невнесување на поинаква одредба во статутот од онаа содржана во Законот за трговски друштва се прифаќа решението содржано во диспозитвната одредба од Законот за трговски друштва.

По правило диспозитивните одредби содржани во Законот за трговски друштва упатуваат правниот однос да го уредат самите акционери според нивната волја или изборот за однесувањето да го извршат во рамките на општата норма определена со Законот за трговски друштва. Во сите овие случаи Законот за трговски друштва наместо односите да ги уредува со категорични или алтернативни одредби им допушта на акционерите самостојно да го уредат своето однесување во согласност со Законот за трговски друштва. Со тоа им се овозможува на акционерите да имаат самостојност, самоиницијативност при исполнувањето и засновувањето на одредени правни односи. Меѓутоа ако тие тоа не го сторат, поточно пропуштат да го сторат настапува состојба во која доаѓа до примена на диспозитивната норма содржана во Законот за трговски друштва.

Кога со статутот треба да се уреди однос, така за да се утврди надлежност (обврска или овластување) на органот на управување или на надзорниот одбор, дискреционо да одлучува за одредени прашања се употребуваат т.н. дискрециони одредби. Дискреционите одредби не се ниту типични ниту бројни во нормативната практика при подготвката на статутот. Тие не се погодни за уредување на односите и внесуваат несигурност во остварувањата на правата на акционерите. Затоа дискреционоста мора изрично да биде изразена на јасен начин.

**Диспозитивни одредби во Законот за трговските друштва коишто треба да се имаат во предвид при усогласувањето на статутот со Новиот Закон за трговски друштва се следните:**

2.1. Ако во статутот не е определено траењето на мандатот на члeновите на органот на управување, односно на надзорниот одбор, нивниот мандат изнесува четири години.[91]

2.2. Ако со статутот поинаку не е определено, гласот на претседателот на органот на управување, односно на надзорниот одбор, а во негово отсуство на претседавачот кој е овластен од претседателот да го заменува, е одлучувачки во случај на поделба на гласовите.[92]

2.3. Ако со статутот не е определено поголемо мнозинство АД кои ќе го изберат кумулативно гласање за избор на членови на одборот на директорите, односно на надзорниот одбор, при нивниот отповик ќе се смета дека члeновите на одборот на директорите, односно на надзорниот одбор се отповикани ако за отповикувањето акционерите се изјасниле со мнозинство гласови од претставените акции на собранието со право на глас;[93]

2.4. Ако со статутот поинаку не е определено, члeновите на органот на управување, односно на надзорниот одбор можат да бидат повторно избрани без разлика на тоа колку мандати претходно биле избрани;[94]

2.5. Ако со статутот не е определено поголемо мнозинство, органот на управување, односно надзорниот одбор ги донесува одлуките со мнозинство гласови од кворумот;[95]

---

[91] ЗТД, член 345, став 1
[92] ЗТД, член 355, став 5
[93] ЗТД, член 363, став 8
[94] ЗТД, член 345, став 2

2.6. Членовите на управниот одбор го застапувааат друштвото во односите со трети лица заеднички, освен ако со статутот поинаку не е определено;[96]

2.7. Собранието може да работи (кворум за работа) ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акциите со право на глас, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство;[97]

2.8. Одлуките на собранието се донесуваат со мнозинство од акциите со право на глас претставени на собранието, освен ако со ЗТД и со статутот не е определено поголемо мнозинство или не се пропишани други услови во поглед на мнозинството со коешто се донесуваат одлуките на собранието;[98]

2.9. Освен ако тоа не е забрането со статутот, членовите на органот на управување, односно на надзорниот одбор можат да учествуваат и одлучуваат на состанок, организиран со користење на конференциска телефонска врска или со користење на друга аудио и визуелна комуникациска опрема, со тоа што сите лица кои учествуваат на така организираниот состанок можат да се слушаат, да се гледаат и да разговараат еден со друг.[99]

2.10. Ако со статутот поинаку не е определено, во случај на прекин на седница на собрание што започнало со работа, а собранието не донело одлука за продолжување со работа, претседавачот со собранието го определува времето и местото на продолжувањето на прекинатата седница на собранието.[100]

2.11. Ако со статутот поинаку не е определено, тајното гласање го спроведува комисија за спроведување тајно гласање избрана со одлука на собранието.[101]

2.12. Ако (со законот и) со статутот поинаку не е определено, а собранието самото не определи посебен начин на гласање или тајно гласање, начинот на гласањето го определува претседавачот со собранието. [102]

2.13. Ако со статутот не е определено гласањето да биде јавно за сите избори на член на органите на управување на друштвото, односно за член на надзорниот одбор или за отповикување на членовите на овие органи, гласањето е тајно.[103]

2.14. Ако присилното повлекување на акциите е определено во статутот, не е потребно собранието да донесува одлука за намалување на основната главнина со повлекување акции. Во тој случај одлуката за повлекување на акциите ја донесува органот на управување;[104]

2.15. Ако со статутот поинаку не е определено, ако се поставени повеќе ликвидатори, тие колективно го застапуваат АД;[105]

2.16. Ако во статутот поинаку не е определено и ако не постојат акции со различни права при распределбата на остатокот од имотот на АД, имотот се распределува според односот на номиналните износи на акциите;[106]

2.17. Ако дојде до прекин на седница на собрание што започнало со работа, присутните акционери на седницата на собранието можат да одлучат собранието да продолжи со работа во време и место коешто се определува со мнозинство гласови од кворумот за работа на собранието, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство (продолжување на прекината седница на собранието).[107]

---

[95] ЗТД, член 355, ставовите 1, 2 и 4
[96] ЗТД, член 377, став 1
[97] ЗТД, член 393, став 1
[98] ЗТД, член 394
[99] ЗТД, член 357, став 1
[100] ЗТД, член 396, став 2
[101] ЗТД, член 410, став 1
[102] ЗТД, член 400, став 1
[103] ЗТД, член 400, став 2
[104] ЗТД, член 450, став 8
[105] ЗТД, член 543, став 2
[106] ЗТД, член 546, став 2
[107] ЗТД, член 396, став 1

### 3. Примена на алтернативните одредби

Алтернативните одредби во Законот за трговските друштва им даваат на акционерите неколку можности односно неколку алтернативи за уредување на некои прашања во статутот. Во статутот може на поинаков (алтернативен) начин да се уреди одредено прашање од алтернативите коишто ги нуди Законот за трговските друштва. Исто така, Законот за трговски друштва често нуди можност одредено прашање да биде уредено и на поинаков начин, под услов поинаквото решение да не е забрането со закон или да не е во спротивност со Законот за трговски друштва.[108] На пример, кој модел на управување со акционерското друштво ќе биде применет. Акционерите можат слободно да избираат една од предвидените алтернативи. Која од понудените алтернативи ќе ја изберат одлучуваат акционерите и тоа зависи од нивната волја. Во случајов акционерите не можат да изберат алтернатива која не е пропишана со Законот за трговски друштва. На пример со статутот можат да се определат и други услови за усвојување на одлука на собранието. [109]

Алтернативните одредби во Законот за трговските друштва коишто треба да се имаат во предвид при усогласувањето на статутот со Новиот Закон за трговски друштва се следните:

3.1. Ако АД има намера да организира подружница (ци) во статутот треба да се определи надлежниот орган на АД којшто ќе донесува одлука за организирање на подружница како и други услови за нејзиното донесување.[110]

3.2. Ако акционерите се определат споровите што се однесуваат на статутот најпрвин да ги решат спогодбено, во тој случај ќе треба во статутот да внесат одредби со кои особено ќе се уредат условите, односно ситуациите кога ќе се применува спогодбено решавање, начинот на спогодбено решавање на споровите (вклучувајќи посредување - медијација и преговарање) и постапката според која ќе се одвива спогодбеното решавање. Исто така е можно со статутот да се упати и на донесување на кодекс или правилник за спогодбено решавање на споровите којшто би го усвоил собранието со којшто во поединости би се уределе сите прашања од значење за спогодбеното решавање. [111]

Исто така, со статутот може да се уреди споровите да се решаваат преку арбитража. Имено, ако акционерите не можат да ги решат споровите спогодбено можат во статутот да договорат услови под кои споровите ќе ги решаваат преку арбитража. Овие одредби можат да бидат употребливи во случаите на статусните промени на АД, на преобразбата на АД во друга форма на друштво и во други случаи кога е потребна согласност на сите акционери или кога некоја одлука се донесува со квалификувано мнозинство на акционерите кои поседуваат акции со право на глас.[112]

3.3. Во статутот може да се утврди можноста и да се определат начинот и условите според кои АД ќе издава други хартии од вредност, ќе склучува опциски договори за купување, ќе склучува фјучерс договори и ќе врши продажба на акциите и на обврзниците како и на фјучерс договорите.[113]

3.4. Само ако тоа е утврдено со статутот, за неизвршен член на одборот на директори, односно за член на надзорниот одбор може да биде избрано и правно лице.[114]

3.5. Со статутот можат да се утврдат условите и постапката според кои собранието на АД може да одлучи да не ја распределува, односно да ја изостави распределбата на добивката меѓу акционерите.[115]

---

[108] ЗТД, член 287, став 3
[109] ЗТД, член 363, став 1
[110] ЗТД, член 61, став 3
[111] ЗТД, член 41, став 1
[112] ЗТД, член 41, став 2
[113] ЗТД, член 284
[114] ЗТД, член 343, став 2
[115] ЗТД, член 329, став 1

3.6. Со статутот АД може да се овласти да издава акции во кои е содржано правото на АД во определен рок да ги откупува така издадените акции. При тоа со статутот мора да се определат и условите и начинот на откуп на така издадените акции како и рокот за откуп на акциите, во коишто е содржано правото на откуп од страна на друштвото. [116]

3.7. Во статутот може да се одреди изборот на извршен член да се врши со едногласна одлука на сите членови на одборот на директори.[117]

3.8. Со статутот може, покрај овластувањата од став 1 на член 373, да се забрани и било кое друго пренесување на овластување врз извршните членови или за одлучување за други прашања од надлежноста на одборот.

3.9. Покрај прашањата определени во член 373, став 1 од ЗТД со статутот можат да бидат определени и други случаи кога за одлуките на управниот одбор е потребно претходно одобрение на надзорниот одбор.[118]

3.10. На надзорниот одбор не можат да му бидат пренесени овластувања во врска со управувањето на друштвото, освен кога со ЗТД поинаку не е определено. По исклучок, со статутот може да се определи за определени видови работи управниот одбор да може да одлучува само со претходно одобрение на надзорниот одбор;[119]

3.11. Во статутот можат да бидат определени и други случаи кога може да се свика собрание освен оние коишто се определени во ЗТД;[120]

3.12. Со статутот можат да се утврдат и други податоци коишто треба да ги содржи поканата, односно јавниот повик што се од значење за остварување на правата на акционерите во врска со свикувањето и со одржувањето на собранието, освен оние кои се определени во став 1 од член 388 во ЗТД[121]. При тоа треба да се имаат во предвид и следните измени на ЗТД:

- поканата, односно јавниот повик за свикување собрание, покрај другите податоци треба да го содржи и начинот на којшто се достапни материјалите што се подготвени за собранието коешто е свикано;[122] и

- материјалите за собранието мораат да бидат достапни до акционерите од денот на испраќањето на поканата, односно на објавувањето на јавниот повик.[123]

3.13. Со статутот може да се определи правото на глас да се стекнува и кога за акцијата ќе се уплати најмалиот износ на влогот определен со законот или со статутот; [124]

3.14. Со статутот може да се утврди можност како и начинот на којшто акционерите можат да гласаат на свикано собрание преку телефон или преку друго соодветно електронско средство, коешто е дел од јавна комуникациска мрежа и преку којшто може, на сигурен начин да се утврди идентитетот на секој акционер, правото на глас, начинот на воспоставување на комуникациска врска меѓу друштвото и акционерите; [125]

3.15. Со одлуката за измена на статутот, ако оваа можност не била утврдена со статутот, органот на управување може да биде овластен, преку издавање нови акции врз основа на влогови, да ја зголеми основната главнина до определен номинален износ (одобрен капитал);[126]

3.16. Со статутот можат да се определат и други основи за престанување на друштвото;[127]

---

[116] ЗТД, член 339, став 1, т.1 и став 4
[117] ЗТД, член 368, став 1
[118] ЗТД, член 377, ставовите 1 и 2
[119] ЗТД, член 380, став 3
[120] ЗТД, член 385, став 1
[121] ЗТТ, член 388, став 2
[122] ЗТД, член 388, став 1, точка 5
[123] ЗТД, член 388, став 3
[124] ЗТД, член 397, став 1
[125] ЗТД, член 400,став 4
[126] ЗТД, член 426, став 1
[127] ЗТД, член 452, став 4

3.17. Во статутот можат да бидат определени и други зделки на кои ќе се применува постапката на одобрување на големи зделки, на начинот определен со ЗТД;[128]

3.18. Во статутот можат да се утврдат и други случаи, покрај оние што ги утврдил ЗТД во член 457, став 1 и 2 во кои ќе се смета дека лицето е заинтересирана страна и има интерес во извршување на зделката од страна на АД;[129]

3.19. Со статутот може да се уреди, покрај годишната сметка и финансиските извештаи предвидени со ЗТД, да се изготвуваат и финансиски извештаи за покуси периоди од деловната година;[130]

3.20. Со статутот може да се утврди да се пресметува и да се издвојува и поголем процент од 15% од добивката за резерви на друштвото, сé додека резервите на друштвото не достигнат износ којшто е еднаков на една петтина од основната главнина;[131]

3.21. Со статутот може да се предвиди создавање посебни резерви заради покривање на определени загуби или за други издатоци и да се определат целта, организацијата и начинот на употреба на резервите;[132]

3.22. Во статутот може да се утврди можност акционерите, пред да ја определат висината на дивидендата, да формират посебна резерва заради сигурност на друштвото или за остварување на што порамномерна дивиденда;[133]

3.23. Во статутот може да се предвиди можноста секој акционер, за дел од дивидендата што е ставена на распределба или од авансите од дивидендата, да ја добие дивидендата, односно авансот од дивидендата во пари или во акции;[134]

3.24. Со статутот може да се овласти органот на управување на друштвото во текот на деловната година врз основа на периодична сметка или периодични финансиски извештаи за трите, шесте, односно деветте месеца, потврдени од овластен ревизор на друштвото да им исплати на акционерите аванс на име дивиденда;[135]

3.25. Во статутот можат да се определат и други услови освен оние коишто се определени во ЗТД за преобразба на АД во друга форма на друштво во којашто ќе продолжи да работи по преобразбата;[136]

3.26. Во следните случаи собранието на АД одлуката ја донесува со мнозинство гласови коешто не може да изнесува под две третини од претставените приоритетни акции. Со статутот може да се определи и поголемо мнозинство:

- кога собранието донесува одлука за издавање акции;[137]
- кога надзорниот одбор одбил да даде одобрение и управниот одбор, со образложение поднесено во писмена форма ќе бара одобрение од собранието (со статутот можат да се определат и други услови за усвојување на одлуката);[138]
- кога сопствениците на приоритетни акции ја даваат согласноста со посебна одлука (со статутот можат да се определат и други услови за усвојување на одлуката)[139];
- кога собранието донесува одлука за измена на статутот;[140]
- кога собранието донесува одлука за зголемување на основната главнина[141];

---

[128] ЗТД, член 455, став 1
[129] ЗТД, член 457, став 2,т.4
[130] ЗТД, член 477, став 3
[131] ЗТД, член 485, став 1
[132] ЗТД, член 486, став 1
[133] ЗТД, член 487, став 3
[134] ЗТД, член 488, став 1
[135] ЗТД, член 489, став 1
[136] ЗТД, член 507, став 1
[137] ЗТД, член 282
[138] ЗТД, член 380, став 3
[139] ЗТД, член 405, став 3
[140] ЗТД, член 418, став 2
[141] ЗТД, член 421, став 4

- кога собранието одлучува за исклучување на правото на првенство при запишувањето новоиздадени акции (со статутот можат да се определат и други услови за усвојување на одлуката);[142]

- кога собранието одлучува за намалувањето на основната главнина со повлекување акции (со статутот може да се бара исполнување и на други услови);[143]

- кога собранието одлучува за редовно намалување на основна главнина;[144]

- кога собранието одлучува за продолжување на постоењето на АД сé додека не започне распределбата на имотот;[145]

- кога собранието донесува одлука за престанување на друштвото (со статутот можат да се определат и други услови за донесување на одлуката[146];

- кога собранието донесува одлука за одобрување голема зделка ако одборот на директори, односно надзорниот одбор не може да донесе одлука за одобрување на голема зделка чиешто одобрување е во нивна надлежност;[147]

- кога собранието донесува одлука за одобрување голема зделка, чијшто предмет е имот чијашто вредност е проценета над 50% од книговодствената вредност на имотот на друштвото.[148]

3.27. АД може во постапката на измена на статутот едностепениот систем на управување да го замени со двостепен и обратно;[149]

3.28. Само ако тоа е определено во статутот, изборот на членовите на одборот на директори или на надзорниот одбор може да се врши со кумулативно гласање;[150]

3.29. Членовите на органот на управување, на надзорниот одбор, односно управителот работите ги вршат заедно според овластувањата определени со ЗТД и според работите што им се доверени во согласност со ЗТД и со статутот. Со статутот може да се определи и поинаков начин на водење и вршење на овие работи, но само според овластувањата на членовите на органот на управување, односно на надзорниот одбор определени со ЗТД;[151]

3.30. Со статутот може да се предвиди органот на управување, односно надзорниот одбор да одлучува и без одржување состанок ако сите членови на органот на управување, односно на надзорниот одбор дадат согласност за одлуката којашто се донесува без одржување состанок;[152]

3.31. Собранието може да ги отповика сите членови на одборот на директори, односно на надзорниот одбор, односно член на овие органи и пред истекот на времето за коешто биле избрани. За одлуката за отповикување е потребно мнозинство гласови од акциите со право на глас, претставени на собранието, освен ако со ЗТД поинаку не е определено, односно ако со статутот не е определено поголемо мнозинство. Со статутот можат да се определат и други услови за усвојување на одлуката; [153]

3.32. Со статутот АД коишто имаат основна главнина помала од 150.000 ЕВРА во денарска противвредност, наместо управен одбор можат да се определат за избор на управител, со сите права и обврски што ги има управниот одбор;[154]

3.33. Управниот одбор има најшироки овластувања во управувањето со друштвото, односно во вршењето на сите работи сврзани со водењето на работите и на тековните активности на друштвото и да дејствува во сите околности од име на друштвото во рамките на предметот на работењето на друштвото, со исклучок на

[142] ЗТД, член 425, став 2
[143] ЗТД, член 450, став 7
[144] ЗТТ, член 443, став 1
[145] ЗТД, член 551, став 2
[146] ЗТД. член 452, став 1, т.2
[147] ЗТД, член 456, став 3
[148] ЗТД, член 456, став 4
[149] ЗТД, член 242, став 2
[150] ЗТД, член 344, став 2
[151] ЗТД, член 351, став 1
[152] ЗТД, член 358, став 1
[153] ЗТД, член 363, став 1
[154] ЗТД, член 374, став 2

овластувањата коишто изречно му се дадени на собранието и на надзорниот одбор. Сите членови на управниот одбор ги водат и ги вршат овие работи заедно. Со статутот може да се одреди и поинаков начин на водење и на вршење на овие работи;[155]

3.34. Само ако тоа е утврдено со статутот, за неизвршен член на одборот на директорите, односно за член на надзорниот одбор може да биде избрано и правно лице.[156]

[155] ЗТД, член 375, ставовите 1 и 2
[156] ЗТД, член 343, став 2